ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-338/03
12.10 2021 год.
СКОПЈЕ

Институт на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ)

Ул. 11 Октомври бр. 52А/1-3

1000, Скопје

(до Генерален секретар на ИОРРМ)

08.10.2021

**Предмет:** Предлог за избор на нов член на Управен Одбор со приложена кратка биографија на предложеното лице

Почитувани,

Во врска со Вашата Покана за учество на 29-тата Седница на Собранието на ИОРРМ бр. 0302-320/01 од 27.09.2021 година закажана за 19.10.2021 година, како и согласно точка 5 од Предлог - Дневниот ред бр. 0202-317/06 од 23.09.2021 година, ние долупотпишаните 5 (пет) овластени ревизори - членови на ИОРРМ, за избор на нов член на Управниот Одбор го предлагаме:

Јане Иванов, регистарски број ОР192 од Регистарот на овластени ревизори – членови на ИОРРМ

Со почит,

1. Ненад Ранѓеловиќ, овластен ревизор, ОР207
2. Соња Чулева, овластен ревизор, ОР115
3. Ненад Тортевски, овластен ревизор, ОР227
4. Владимир Петрески, овластен ревизор, ОР239
5. Александра Милевска, овластен ревизор, ОР263

Прилог: Кратка професионална биографија на Јане Иванов

КРАТКА ПРОФЕСИОНАЛНА БИОГРАФИЈА

Јане Иванов

08.10.2021

Јане Иванов дипломирал во 2004 година на департманот за сметководство и ревизија, со висока просечна оценка, на Економскиот факултет при УКИМ во Скопје. Тој е искусен ревизор со демонстрирана историја на работење во ревизорската и консултатската професија. Има вештини во МСФИ, ангажмани за управување со ризици, надворешна ревизија, домашна сметководствена и финансиска регулатива, статутарно сметководство и финансиско известување. Поседува изразени професионални сметководствени вештини и е овластен ревизор и овластен сметководител, фокусиран на пружање на услуги за уверување. Јане беше три години член на Комисијата за контрола на квалитет во Институтот на Овластени Ревизори на Република Македонија, а притоа често работел и како контролор на квалитет на ревизорски досиеја ширум Централна и Јужна Европа. Исто така, тој е акредитиран и вклучуван во РСАОВ ревизии. Има голема листа на ангажмани на надворешни ревизии (законски, МСФИ, РСАОВ и ревизии на грантови) во Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, како и бројни ангажмани на уверување, проверки, договорни постапки и длабински анализи. Јане е искусен тренер во разни едукативни програми поврзани со сметководството и ревизијата. Учествува во бројни Train the Trainers програми организирани од Joint Vienna Institute и други престижни организации кои успешно ги пренесува за целите на континуираното професионално усовршување на ИОРРМ.

*Сертификати кои ги поседува:*

Овластен ревизор (Институт на Овластени Ревизори на Република Македонија) -2011;

Овластен сметководител (Институт на Сметководители и Овластени Сметководители на Република Северна Македонија) - 2017;

Уверенија за проценувач (Министерство за финансии) - 2012.

*Професионално искуство (15+ години):*

- 17 години во Big4 (од кои 12 години на позиција Менаџер / Сениор Менаџер) во ревизија 2004 - 2021
- Партнер за ревизија и други услуги за уверување во СФАИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје - членка на меѓународната мрежа на сметководствени и ревизорски фирми SFAI International 2021-тековно

*Поле на експертиза:*

- ревизија (банки и други финансиски институции, производство, градежништво, трговија, шопинг молови, ИТ, енергија)
- посебни услуги за уверување и усогласеност на постапките, вклучувајќи голем број на проекти нарачани од релевантни светски донатори
- мониторинг на проектни задачи и посебни испитувања
- екстерна оценка на интерна ревизија
- сметководствен тренинг и консалтинг (домашна регулатива и МСФИ)
- финансиско советување (финансиски и даночни длабински анализи)